*Христо Андонов — Полјански*

# П. АРГИРИЈАДЕС ЗА БАЛКАНСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА И РЕШАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

РЕШАВАЊЕТО на македонското прашање преку реализирање на една балканска конфедерација се поставувало мошне одамна. Тоа, особено се актуелизирало по шеесеттите и седумдесеттите години од XIX век, кога се агитирало и биле предложени повеќе планови и проекти и биле направени обиди за разрешување на овој, за времето, „гордиев јазол" на балканската политика. Меѓу бројните обиди спаѓал и потфатот на францускиот социјалист П. Аргиријадес, кој се ангажирал да ја пропагира идејата за балканска конфедерација и преку неа да го реализира решавањето на македонското прашање. Неговиот потфат предизвикал изразито внимание сред современиците, а од друга страна тоа има значење за историјата на македонското прашање, а исто така имал и вонредна важност и за разрешување на други горливи проблеми на балканското и другите подрачја во источна Европа и на Медитеранот.

Своите становишта за балканската конфедерација и за решавањето преку неа на македонското прашање, П. Аргиријадес прво ги изнел во „Лигата за балканска конфедерација", а потем и преку организирањето на специјална конференција за балканска конфедерација и натаму преку агитација во печатот и списанија, со ангажирање на истакнати социјалистички мислители, публицисти и новинари, во полза на оваа идеја. За постановката и разработката на поставената кауза придонел и самиот Аргиријадес со своите трудови, а особено со трудот „Македонија", во кој ги изнел суштествените погледи на својот потфат преку балканската конфедерација да го постави на решавање македонското прашање. Токму тој негов вонредно интересен потфат е предмет на нашава работа, со надеж дека тоа претставува само почеток кон натамошно попродлабочено иследување на неговото стојносно дело.

## 1.

Панагиотис (Пол) Аргиријадес (Paul Argyriadès, 1849—1901) бил роден во Македонија. Образование стекнал во Франција. Од рано се запознал со идеите на социјализмот. Станал приврзаник на идеите на Луј Бланки (Louis-Auguste Blanqui, 1805—1881), чијшто идеал било комунистичкото општество како завршна етапа во општествениот раз-

виток[1]). Тој, како бланкист одиграл улога во развивање на револуционерните традиции и класната свест на францускиот пролетаријат. Со тек на време, тој како и другите бланкисти, станал следбеник на марксизмот.

По завршувањето на правните науки работел како адвокат во парискиот Апелативен суд. Покрај адвокатурата се занимавал со популаризирање идеите на социјализмот и тоа со издавање на списанија и на популарни трудови. Од 1885 г. започнал да го издава списанието: „La Question Sociale”, за социјалистички идеи и револуционерното движење на двата света[1a]), во кое објавил низа статии за социјализмот и комунизмот, за капитализмот и колонијалната политика. Освен тоа, во ова списание објавил и неколку прилога за балканската историја и за народните песни[2]). Тука е и еден краток прилог за Македонија објавен 1885 г.

Видно место сред социјалистите му придава уредувањето на годишникот — „Almanach de la Question Sociale”, списание на меѓународниот социјализам, кој започнал да го издава од 1891 г.[3]). Овдека соработувале А. Бебел, Жан Жорес, Емил Зола и други. Во „Алманах” за 1892 г. бил објавен еден увод на Ф. Енгелс за „Наемниот труд и капиталот” од К. Маркс. П. Аргиријадес го поканил Енгелса и натаму да соработува. Меѓутоа, во едно писмо од почетокот на јули 1892 г. Ф. Енгелс му јавува на П. Аргиријадес дека е спречен да соработува поради работата врз третиот том на „Капиталот”[4]). Во својата преписка Ф. Енгелс честопати се осврнува на пишувањето во „Алманах” и на критичките осврти за некои негови статии[5]).

Во „Алманах” П. Аргиријадес објавувал прилози за низа значајни прашања од научниот социјализам, прегледи за меѓународното работничко движење, осврти за работничкото и социјалистичкото движење и политичката состојба на Балканот. Меѓу нив го издвојуваме неговиот труд „Македонија” објавен 1896 г.

П. Аргиријадес е познат и со своите трудови и популарни публикации од областа на литературата[6]) и на политичката економија. Попознат е неговиот труд: „Оглед за научниот социјализам. Економска критика на капиталистичкото производство”, објавен во Париз 1890 г.[7]) Во трудот Аргиријадес ги изложил научните основи на социјализмот и го докажал неизбежниот пат на човештвото кон комунизмот. Ова негово дело, на

---

[1]) Потребно е да се истакне дека идеите на Луј Бланки воопшто на Бланкизмот имале силно влијание врз некои раководители на македонското ослободително движение и е особено врз Гоце Делчев.

[1a]) La Question Sociale. Revue des Idées Socialistes et du Mouvement Révolutionnaire des deux Mondes. Sous la direction de P. Argyriadès.

[2]) Напр. за Али Паша Јанински — La Dime en Gréce. La Question Sociale 1885, pp. 51—54; за Клефтите и популарните песни во модерна Грција — Les Klephtes et les Chant Populaires de la Gréce Moderne. Ibidem pp. 129—182; и други.

[3]) Almanach de la Question Sociale. Revue Annuelle du socialisme Internationale.

[4]) К. Маркс, Ф. Энгельс, Сочинения. Том 38, Москва 1965, 341.

[5]) Ibidem, 172, 281, 289. Исто во Том 39, Москва 1966, 51, 124.

[6]) Напр. — Le poéte socialiste. Eugéne Pottier, ancien membre de la Commune. Paris 1888.

[7]) Essai sur le socialisme scientifique critiqueé économique de la production capitaliste. Paris 1890.

времето, станало доста популарно во Франција и било преведено на неколку јазици. Тоа било дочекано позитивно од социјалистичката критика. Така, Димитар Благоев по преводот на бугарски на истото дело во 1892 г., напишал позитивна рецензија и ги набележил значајните страни на овој популарен труд за научниот социјализам[8]).

Значно внимание во текот на својата општествено-политичка дејност П. Аргиријадес обрнал на следење и испитување на ситуацијата, приликите и настаните на Балканот. Особено тој се интересирал по македонското прашање, тежнеел да изнајде поволна солуција и тоа во рамките на балканската конфедерација. За таа цел тој развил жива агитација и пропаганда.

## 2.

Во пропагирањето на идејата за балканска конфедерација П. Аргиријадес се ангажирал веќе од почетокот на седумдесеттите години на XIX век. Отпрвин агитацијата се водела преку „Меѓународната лига на мир" („La Ligue Internationale de la Paix"), која по тоа прашање се произнесла на конгресите во Лозана (1869 г.), во Женева (1876, 1886 г.). Освен тоа, во различни центри биле формирани комитети, со цел да ја пропагираат идејата за балканска конфедерација. Кон еден таков комитет од 1873 година припаѓал и П. Аргиријадес. Тој, со уште двајца, бил ополномоштен да бара за идејата покровителство од Виктор Иго, Луј Блан и Гамбета[9]).

Повторно идејата за балканска конфедерација П. Аргиријадес ја пропагирал во 1885 година. Во една кратка статија за „Македонија" ги изнел пропагандните борби и од друга страна го изнел и податокот дека ред интелегентни луѓе од различни националности на Балканскиот Полуостров се прифатиле со идејата за балканска конфедерација во која требало да влезат оние мали држави кои ја сочинувале Отоманската Империја[10]).

Во 1890 година П. Аргиријадес одново се прифатил да ја пропагира идејата за балканска конфедерација[11]). Меѓутоа, конкретно организационо оформување на сите потфати за поразвиена агитација во полза на балканската конфедерација П. Аргиријадес презел во 1894 година[12]).

Со цел да се сплотат сите дејности во полза на балканската конфедерација во истата 1894 година била основана — „Лигата за балканска конфедерација" (La Ligue pour la Confédération balkanique). За претседател на Лигата бил избран П. Аргиријадес. Лигата имала свој статут,

---

8) Д. Благоев, „Ден" II, кн. 5—6 (септември 1892), 439—444 (Д. Благоев, Съчинения. Т. II. София 1955, 304—309); Исто — Д. Благоев, Съчинения. Т. XX. София 1964, 73, 580; Д. Благоев, Библиография. София 1954, 69.

9) P. L., Le Fédéralisme et la Question d'Orient. — La Revue Socialiste vol. 22 (1895), 205.

10) P. Argyriadès, Macédoine. — La Question Sociale 10. III. — 10. IV. 1885, 88.

11) M. Popović, Die Sozialdemokratie in den Balkanländern. — Neue Zeit XXII/2 (1903—1904), 156; J. Rotchild, The Communist Party of Bulgaria. New York 1959, 208.

12) T. G. Djuvara (Cent projets de partage de la Turquie. Paris 1904, 502 (Споменува дека околу 1875 г. во Париз била формирана една „Лига за балканска конфедерација").

од кој се познати само два члена. Во членот 2 од Статутот се вели дека „Целта на Лигата е да го следи реализирањето на една конфедерација за сите народи на источна Европа и на Мала Азија. „Во членот 3 се наброени државите, кои требало да влезат во конфедерацијата, меѓу кои Македонија и Албанија требало да формираат една слободна и федеративна држава[13]).

Лигата била поздравена и подржана од француските социјалистички раководители. За тоа сведочи и статијата, што по тој повод била објавена во мај 1894 година во социјалистичкиот весник — „La Petit Republique”[14]).

По основањето на Лигата П. Аргиријадес се прифатил да ги пропагира нејзините цели и да стекне подржници за истите. Во главно тој се ориентирал кон социјалистичките кругови не само во Франција, туку и во останатите земји,. Откако добил подршка тој се стремел на овој потфат да му даде меѓународен карактер и тоа со апелирање на соработка за одржување на еден меѓународен собир, на кој и официјално ќе се потврди постоењето на Лигата и еден повисок меѓународен форум ќе ја подржи и ќе ги прокламира идеите во полза на балканска конфедерација. На тој начин се дошло до одржување на еден меѓународен собир, конференција за балканската конфедерација.

## 3.

Откако сите подготовки биле извршени конференцијата за балканската конфедерација била отворена во салата „Grand—Orient de France” во Париз, на 22 ноември 1894 година. На конференцијата присуствувале видни претставници на францускиот и меѓународниог политички живот, како и претставници на различни балкански народи. На конференцијата претседателствувал Магалес Лима, истакнат португалски социјалист, а покрај него се наоѓале истакнати претставници на Лигата, меѓу кои П. Аргиријадес, како и други еминентни личности.

Конференцијата ја отворил Магалес Лима, кој говорел за значењето на федерацијата, како фундамент на мирот и на прогресот. Тој сметал дека федерацијата била „една идеја по сушност републиканска и социјалистичка, ете зошто-истакнал М. Лима — јас никогаш не сум можел да разберам еден републиканец или еден социјалист, којшто во истовреме не е и убеден федералист”[15]). За аргументирање на своите поставки М. Лима го изнел примерот со САД, Швајцарија, а особено со Бразил. По примерот на последната земја, низ бројните аспекти за воведеното во пракса федеративно уредување, М. Лима извел заклучок, дека „. . . федеративност, тоа е идеалот на мирот и на правдата меѓу луѓето”[16])

Опстоен реферат за целите на конференцијата за балканската кондерација, како и за натамошната дејност околу пропагирањето на самата

[13]) P. L., Op. cit., p. 202.
[14]) T. G. Djuvara. Op. cit., p. 442; J. Rotchild, Op. cit., 208—209.
[15]) P. L., Op. cit., 203.
[16]) Ibidem, 204.

идеја за конфедерација и за решавањето во склопот нејзин на македон ското прашање, поднел П. Аргиријадес[17]).

Во својот реферат П. Аргиријадес ја образложил идејата за балканска конфедерација на различните земји, кои се наоѓале некогаш или во негово време уште биле во состав на Отоманската Империја. Уште во почетокот на рефератот тој категорички нагласил дека „. . . решението на источното прашање преку една конфедерација се наложува на секој просветен ум; не може да се најде едно решение пологично, пополитичко и понаклонето за европскиот мир"[18]).

По воопштените определувања за суштината на источното прашање и за модусите за неговото поволно решавање, П. Аргиријадес аргументирано ја проследува идејата за балканска конфедерација од крајот на XVIII век натаму.

Посебно го нагласува придонесот на Ригас од Фера, кој под влијание на Големата француска буржоаска револуција ги повикувал балканските народи во борба против Турците, а за нивно меѓусебно зближување. Потем, П. Аргиријадес, ја проследува идејата за балканска конфедерација кај француските, италијанските и другите општествено-политички и културни работници. Поврзано со тоа тој ги нагласил и конгресите на Меѓународната лига за мир, кои се изјасниле за реализирање на идејата за балканска конфедерација.

Со тие факти и примери, како и со други, наведени во рефератот, на П. Аргиријадес му служат појасно и поевидентно да го постави аргументирањето за реализирање идејата за балканска конфедерација. Според него, конфедерацијата се наложувала од повеќе причини и дека од нејзиното реализирање можеле да бидат изведени само позитивни заклучоци.

Имено, тој подвлекува дека со конфедерацијата балканските народи и држави би ја сочувале својата независност и автономија. Со неа се гарантирала, смета тој, мирната иднина на народите, а со тоа и европската рамнотежа. Затоа и се наметнувала суштествената потреба источното прашање да се разгледува не од својот локален аспект, туку од општо и европско становиште[19]).

Токму наведеното и аргументираното наложувало, според П. Аргиријадес, да се формира балканската конфедерација, чие реализирање ќе поставило крај на сите непријателства, лакомости и шовинизам.

Кога ги определува стојносните поставки за суштината на идејата за балканска конфедерација и голамата полза од нејзиното реализирање, П. Аргиријадес ја подвлекува целта на конференцијата, а во исто време и на Лигата за балканска конфедерација. Тој смета, дека целта се состоела токму преку пропаганда да се елиминираат напластените предрасуди и непријателства.

---

[17]) Извесни податоци за неговиот реферат изнесуваат: L. S. Stavrianos, Balkan Federation. A History of the Movement toward Balkan Unity in Modern Times. — Smith College Studies in History (North. Mass) Vol. XXVII/1—4 (1941—1942) (1944), 150—151; J. Rotchild. Op. cit., 208—209.

[18]) P. L., Op., cit., 204.

[19]) Ibid., 206.

Освен тоа, П. Аргиријадес смета дека за реализирањето на балканската конфедерација постоеле две пречки. Како прва се јавувала хегемонијата на Султанот, а како втора — македонското прашање. Крајот на султановата владеачка, според него, се наѕирал и тоа било прашање на времето. Турското господство претставувало анахронизам, срам за европската цивилизација. Затоа, смета Аргиријадес, само во конфедерацијата се наоѓал спасот, само така можела да се гарантира автономијата на земјите во Отоманската империја, а со тоа и на европскиот мир

На македонскиот проблем П. Аргири адес му обрнува посебно внимание. Ова прашање тој го разгледува како основа во реализирањето на балканската конфедерација и како значајна поента во разбирањето на балканските народи.

Откако го подвлекува фактот дека Македонија претставувала еден вид минијатурен портрет на Балканскиот Полуостров, тој се задржува на народносниот облик на Македонија, сметајќи дека ја населувале различни народи и народности. Посебно тој ги нагласува претензиите на балканските држави кон Македонија. Со што, според него, Македонија „станала јаболко на раздорот за сите нејзини ревносни соседи"[20]).

Таа констелација во Македонија Аргиријадес ја смета како пречка за реализирање на балканска конфедерација. Но, како срекна околност П. Аргиријадес го зема основањето на македонската револуционерна организација во 1893/94 година, која во својот програм ја поставила автономјиата на Македонија и тоа под „еден федеративен режим, со што се ставал крај на аспирациите на балканските држави")[21].

Покрај гоа, П. Аргиријадес се заложува за преземање на една активна пропаганда во заинтересираните земји, за да се придобие мнозинството од населението, преку што можело да се дојде до реализирање на балканската конфедерација[22]).

По нагласувањето на основните суштествени поставки, како и на значајните принципи на балканската конфедерација, како и предусловите, условит. и пречките за нејзиното реализирање, П. Аргираијадес ја образложил и главната компонента на овој вонредно важен потфат.

Тој смета, дека „во конфедерацијата ќе влезат сите народи, кои денеска ја поседуваат својата номинална индивидуалност и оние, на кои нашиот успех ќе им ја врати егзистенцијата и индивидуалноста, едните и другите можат да се избројат како држави одделени и федеративни"[23]).

Притоа, тој ги нагласува и суштинските принципи на автономијата на секоја држава или област. Според него, автономијата требало да биде полна, т. е. секој поседувал внатрешна самоуправа, додека општите интереси на конфедеративните држави се регулирале по делегатски систем, т. е. од претставниците на секоја од државите, кои имале седиште во Цариград. Тие решавале за осигурување на федеративниот договор, за разгледување и за измирување на меѓусебните конфликти, поставување

[20]) Ibid., 207.
[21]) Ibid., 207.
[22]) Ibid., 207—208.
[23]) Ibid., 208.

силите на конфедерацијата во служба на секоја држава, во случај на опасност за нејзината независност или интегритет[24]).

Потребата од водење на пропаганда П. Аргиријадес уште еднаш ја нагласува во својот реферат. Со неа се придонесувало, идејата за балканска конфедерација да стане „една неоспорна реалност". Од друга страна, тој смета, дека кон позитивното реализирање на таа идеја водел и инстинктот за самозаштита и за независност, потребата за еманципација, благосостојба и слобода. Поврзан со тоа бил и стремежот на човештвото да оди кон социјалниот прогрес и равенство. Секако кон тоа, стоел и стремежот да се уништат националните антагонизми сред балканските народи и со тоа се подготвувал патот за општото братство, односно, можноста во иднина да се реализира идејата за балканска конфедерација[25]).

По Аргиријадес говореле неколку општественици, политичари и културни дејци. Меѓу нив, говорел и Алеман, од името на работничката социјалистичка револуционерна партија. Тој, ја поздравил идејата воопшто за федерацијата, а особено за балканската конфедерација. Тој изнел предлог и ги поканил претставниците на балканските народи да се соберат на конгрес и тоа во Македонија и да ја прокламираат балканската конфедерација[26]).

Социјалистот Е. Вајан се изразил во полза на балканската конфедерација. Таков став зазеле и другите говорници на конференцијата.

На крајот од конференцијата П. Аргиријадес прочитал неколку писма и телеграми, што тој ги добил, од неколку видни политички и културни дејци. Тие по писмен пат се изразиле во полза на остварување на идејата за балканска конфедерација. Во сите тие писма и телеграми провејува мислата за големата полза од реализирањето на таа идеја, а со тоа, како чекор и кон остварување во перспектива на Обединетите држави на Европа[27]).

По читањето на писмата и на телеграмите конференцијата едногласно изгласала резолуција, во која се вели;

„Со оглед на тоа, дека источното прашање се поставува секој десет или петнаесет години пред судот на европската дипломатија;

Тоа е еден вечен метеж за сигурноста на државите и на меѓународните трансакции;

Со оглед на тоа дека тоа прашање, кое е едно од оние, што причинуваат монструозни наоружувања во нашата епоха, наоружувања, кои ги апсорбираат преку буџетите живите сили на нациите;

Со оглед на тоа дека владата на султанот е еден анахронизам и срам за нашата цивилизација; коешто уште еднаш добро се докажа овие дни со ужасните колежи над невините во Ерменија;

Со оглед на тоа дека во овие услови се наложува решавањето на источното прашање;

[24]) Ibid., 208.
[25]) Ibid., 209.
[26]) Ibidem.
[27]) Ibid., 210—213.

Со оглед на тоа дека единственото логично решавање, кое се наложува, како од гледна точка на справедливоста, хуманоста, така и од гледна точка на добро разбраните интереси на европските држави, е во една конфедерација на народите од Балканскиот Полуостров и населението на Мала Азија;

Граѓаните собрани во „Grand-Ortent de France", на меѓународната конференција на 22 ноември, апелираат до печатот на балканските земји и на печатот во сите земји, да ја шират идејата за конфедерација и да поведат кампања во полза на ослободувањето на народите, кои стенкаат уште под ропството на султанот. Тие го ползуваат случајот да ги жигосаат варварските акти извршени скоро од Турците над Ерменците."[28]).

Во прифатената резолуција како основно е нагласен начинот за решавањето на источното прашање, а имено преку реализирањето на балканската конфедерација. Тоа било единствено и можно решавање и тоа од гледна точка на справедливоста, хуманоста, од интересот на европските држави на ова подрачје. Секако тоа било и интерес и неопходност на самите балкански народи, особено на оние потчинети народи кои во она време стенкале под отоманската тиранија. И овдека на видно место е нагласена потребата од водење на организирана агитација и пропаганда, со нагласување, притоа, улогата на печатот, особено на печатот во балканските земји, како двигател на сета акција, во полза на идејата за реализирање на балканската конфедерација.

4

Придржувајќи се до апелот на конференцијата, а истото тоа и самиот го нагласувал често пати во својот реферат, П. Агриријадес по конференцијата се заангажирал да ја популаризира идејата за балканската конфедерација, за разработка на нејзините фундаментални цели. Освен тоа, тоа тој се активирал и во популаризирање и на земјите и народите што уште стенкале под турското ропство. На прво место тој се зафатил да ги популаризира познанијата за својата родна земја — Македонија и да ги набележи основните контури на македонското прашање и модусите за неговото решавање низ призмата на балканската конфедерација. За таа цел тој во својот „Алманах" објавил поопстоен труд под наслов „Македонија". Во трудот ги изнел своите погледи за начинот на решавањето на македонското прашање.

Во трудот П. Аргиријадес на прво место изложува опис на местоположбата на Македонија и ја споредува со Швајцарија и Тирол. Во опишувањето на природните убавини на Македонија повеќе се осврнува на јужна Македонија. За таа цел употребува и примери од античката историја и античката митологија. Ги наведува оние митолошки личности кои пребивале во јужна Македонија. За некои области и места ги цитира мислењата на некои француски патеписци и иследувачи. (Напр. Пуквил, Е. Ренан).

---

[28]) Ibid., 213.

Знатно внимание и простор во трудот П. Аргиријадес одделува на народносната распределеност во Македонија. Смета дека Македонија е составена од повеќе народи и народности. Но смета дека ниедна народност не преовладува над друга. Токму тоа му служи за аргумент да подвлече дека со тоа „. . . е неможна разделбата на македонските провинции и фатално е угнетувањето за другите елементи, ако една од малите држави што спорат за неа: Грција, Бугарија или Србија ја присвојат целата земја исклучувајќи ги другите". Тој, е уште покатегоричен кога ја доразвива својата мисла, дека „. . .малите држави — грчката, бугарската и српската, спорат за приграбување на Македонија, служејќи се со сите видови доказателства: шовинистички и историски, измислени за поткрепа на нивните интереси, при што не се забележува дека ако се базираме на историската правда, побргу Македонија треба по право да ги поседува сите тие земји, кои сакаат да ја голтнат, зашто таа самата порано ги владеела и господарела"[29]).

Наведеното П. Аргиријадес го смета за застарено, но, алудира да се изнајде правилна и вистинска солуција за македонското прашање. Тој лично смета дека „. . .тоа решавање не се наоѓа справедливо ни во дележот на Македонија, тоа ќе биде — истакнува тој —, од друга страна, штета за една таква земја, ни во завладувањето од една од државите, што лакомат за неа, тоа ќе биде несправедливо, но во нејзината целосна независност и во нејзината апсолутна автономија, со една федеративна влада на нејзините провинции и децентрализација и најапсолутна автономија, за да можат комуните можно да дејствуваат на свој начин по однос на образованието и јазикот, кои ќе сакаат да ги воведат по училиштата" — „Со еден збор — нагласува П. Аргиријадес — да се направи една источна Швајцарија во сè еднаква на западната, на која Македонија и е слична по толку работи"[30]).

Во својот труд П. Аргиријадес го ползува случајот да го коментира таканар. „Мелничко" востание од 1895 година, неговите предизвикувачи и последиците од него. Тој не можел да согледа дека зад ова востание се криеле врховистите, кои служеле како агентура на големобугарската буржоазија.

П. Аргиријадес го третира и проблемот на помошта од страна во македонското ослободително дело. За таа „помош" тој прави извесна градација и резерва. Тој вели: „Македонците не можат а да не бидат благодарни спрема оние кои ќе им помогнат во нивното ослободување. Но, не треба — нагласува П. Аргиријадес — помошта на нивните браќа Грци, Бугари или Срби да ги чини ново угнетување, било тоа да е грчко, бугарско или српско"[31]).

Уште понагласено П. Аргиријадес говори за определеноста на Македонците. Тој вели: „Тие сакаат да си останат Македонци, без друг епитет, за да ја сочуваат за себе нивната убава Македонија, нејзе ќе и дадат по ослободувањето од турското ропство— институции, сообразно

[29]) P. Argyriadès, La Macédoine. — Almanach — Pour 1896, 243.
[30]) Ibidem, 244.
[31]) Ibid., 244.

со политичкиот и социјалниот прогрес на нашето време и да се приготват по тој начин за општо збратимување на народите, отколку да ја остават јаболко на раздорот, на омразата, а и дележот на народите, чии интереси за зачувување на прогресот, повикуваат на согласување, љубов и обединување”[32]).

Откако на визионерски начин, а и со придавање интернационалистичка нота, пристапува кон објаснување на македонското ослободително дело, П. Аргиријадес го изведува крајниот заклучок за решавањето на македонското прашање. Тој смета дека „решавањето на македонското прашање преку независност, автономија и федеративен режим се наложува како најсправедливо. Тоа се наложува и за европскиот мир и се наложува исто така за зближување на народите од Балканскиот Полуостров, за соседите на Македонија, чија егзистенција ќе биде осигурена преку основањето на една конфедерација, која ќе ги отстрани опасностите, што можат да се појават од надворешните моќни непријатели”[33]).

Како и во рефератот, така и овдека единствениот модус за решавањето на македонското прашање, П. Аргиријадес го наоѓа во реализирањето на балканската конфедерација. Освен тоа, и овдека со еден визионерски тон подвлекува дека Македонија ќе ја добие својата независност дека е неизбежна пропаста на Турција зашто, како самиот што истакнува, на крајот од својот труд „. . . престапно е да се остави една таква назадничава владеачка, исто така и варварска, која продолжува да угнетува еден народ, толку интересен и толку достоен за слобода. . .”[34]).

5.

Изложувајќи ги суштествените страни на становиштата на П. Аргиријадес по балканската конфедерација и решавањето преку неа на македонското прашање, сиот негов стремеж преку „Лигата за балканска конфедерација” да го пропагира својот потфат, сакаме да извлечеме извесни заклучоци, да набележиме извесни недоследности и да дадеме преценка на неговата позитивна и вонредно значајна иницијатива.

Пред сé, се забележува, како во неговиот реферат, така и во трудот „Македонија”, присуство на низа неопределености, недоизјаснувања и недоследности. Особено има недоследности во разбирањето за националната определеност на Македонците. Тоа се однесува и до третманот за распределбата на јазиците, кое го прави, Аргиријадес според влијанието и ширењето на националистичката пропаганда. Но потребно е инаку да се констатира дека тој не се определил, ниту припаѓал кон некоја националистичка пропаганда. Затоа тој и поентата на конфедерацијата ја презентирал како modus vivendi за македонското прашање. Освен тоа, тој стоел на становиштето дека сите народи и народности во Македонија ја барале нејзината самостојност.

Од друга страна, тој презел иницијатива на широк план да ја пропагира идејата за балканска конфедерација и преку неа да се реши маке-

[32]) Ibid., 244.
[33]) Ibid., 244.
[34]) Ibid., 244.

донското прашање. За тоа говорат апелите до европскиот, особено до францускиот печат, потоа повикот до политичките и културните дејци на балканските држави да ја прифатат и да ја разгласат идејата за конфедерација и за успешно реализирање на целиот тој потфат.

Успехот на самиот потфат за балканска конфедерација и решавање преку неа на македонското прашање зависел од моментната современа констелација на империјалистичките сили во Европа, а и од конкретните политички односи помеѓу балканските монархии. Моментот секако не бил погоден и самите носители не мислеле идејата автоматски да ја остварат. Пред сé заради сé посилното инфилтрирање интересите и сферите на влијание на империјалистичките сили на Балканот, а од друга страна поради разгорештената пропагандна борба на балканските монархии и буржоазии за македонската земја, нивните планови за анексија и асимилација. Сето тоа го осудувал сиот тој грандиозен потфат на неуспех. Со тоа не било можно нејзиното остварување. Но, од важност е поставената идеја на балканска конфедерација. При што позитивен е преземениот чекор на Аргиријадес и на неговите сомисленици. Треба, покрај другото да истакнеме дека оваа крупна иницијатива ја поздравил прогресивниот свет. Пред сé заради тоа, што иницијатори биле социјалистите и што токму нивниот потфат бил подржан од современата социјалистичка мисла.

Објективното согледување на движечките процеси и во развитокот на македонското прашање, можело да се постави само поради тоа што носителите на сиот тој потфат биле претставници на најнапредното во тогашниот свет. Широчината на погледите, визионерството, релациите за перспективите на светлата иднина на човештвото, сето тоа биле атрибути на една евидентна објективност карактеристична за П. Аргиријадес.

Потфатот на П. Аргиријадес преку балканската конфедерација да се реши македонското прашање, иако претставувал само една вонредна иницијатива, е грандиозен. Во времето кога Македонија стенкала во вековното ропство и кога балканските монархии и буржоазии ги кроеле своите освојувачки планови за нејзино разделување и кога македонското револуционерно движење ги правело своите самостојни и самобитни чекори, овој потфат на П. Аргиријадес претставувал редок пример за изнајдување на најприкладно, најавтентично и најреално решение.

Потфатот на П. Аргиријадес не останал осамен. Него го поздравил, на прв план, социјалистичкиот печат. Потоа, наишол на соодветен одглас во литературата.

Сиот материјал од меѓународната конфедерација покрај што бил објавен во „La Revue Socialiste", бил објавен, со вклучување и на трудот „Македонија", во 1896 година во посебна книшка под наслов: „Решавање на источното прашање. Балканската конфедерација"[35]). Во француската периодика биле направени осврти за преземената иницијатива како еден начин за решавање на источното прашање[36]).

[35]) P. Argyriades, P. Lagarde, Solution de la question d'Orient. La Confédération balkanique. Paris 1896.

[36]) Напр. Quelques observations sur un projet d'entente internationale dans les affaires d'Orient. — Revue de droit Internationale Public 1896;

Вонредна важност има потфатот на П. Аргиријадес и во тоа што неговата идеја за балканска конфедерација и преку неа да се реши македонското прашање, ја поздравиле и македонските револуционери. Имено, една група македонски револуционери, под име — „Македонски Револуционерен Комитетски Сојуз" ја издала неговата книшка за „Решавање на источното прашање. Балканската конфедерација" во 1902 година во Габрово[37]). Освен тоа, во уводот на преведената книшка е изразено задоволство од нејзината појава и од тоа дека „. . . започнала да се пробива вистината наоружана со силата на историските факти и со својствената светлина да се раскинат вековните заблуди кои ги оставиле во една конфузна состојба сите следбеници на македонското ослободително дело". И натаму, иако вистината тешко го пробивала својот пат, „ние сме силно уверени — се вели во уводот — дека таа, ако не денес, тогаш утре ќе победи"[38]). Објавувањето на ставовите на П. Аргиријадес од групата македонски револуционери во Габрово е за посебно одбележување. Тоа доаѓа во времето кога Внатрешната Организација сѐ повеќе и повеќе ја зацврстувала својата револуционерна власт во Македонија, кога станала „држава во држава". Ставовите на П. Аргиријадес се објавуваат со цел да се акцентира неговиот објективен третман на македонското прашање, како еден модус за решавањето на овој гордиев јазол.

Потфатот на П. Аргиријадес не останал осамен и во литературата што го третира проблемот на балканската конфедерација. Така, во 1903/1904 година М. Поповиќ разработувајќи ја историјата на социјалдемократијата на Балканот, го наведува потфатот на П. Аргиријадес[39]). Т. Г. Џувара во својата пообемна студија за сто проекти за делба на Турција, на видно место го означува потфатот на П. Аргиријадес[40]). Л. С. Ставријанос во својата мошне студиозна историја на Балканската федерација одделува значаен простор на целокупната иницијатива на П. Аргиријадес[41]). И најпосле Ј. Ротчилд во својата историја на бугарската комунистичка партија говори за иницијативата и потфатот на П. Аргиријадес, наречувајќи го „македонски социјалист[42]).

Сето тоа свидетелствува за значајноста на големиот потфат на П. Аргиријадес да ја презентира и пропагира идејата за балканска конфедерација и преку неа да се реализира решавањето на македонското прашање. Неговиот обид, целокупноста на потфатот, што го презел, само се еден длабоко автентичен фундамент за подоброто и пообјективното разбирање на македонското минато, еден веродостоен патоказ за објективно и научно протолкување на македонското прашање.

---

[37]) П. Аржириадес и П. Лаград, Разрешението на Източния въпрос. Балканската конфедерация. Македония. Габрово 1902.

[38]) Ibidem, 3.

[39]) M. Popovič, Op. cit., 156.

[40]) T. G. Djuvara, Op. cit., 442, 501—502.

[41]) L. S. Stavrianos, Op. cit., 150—151.

[42]) J. Rotschild, Op. cit., 208—209.

* * *

Со цел да се добие веродостоен и покомплексен увид во гледиштата на П. Аргиријадес за балканската конфедерација и за решавањето преку неа на македонското прашање, во прилог — превод и факсимили на оригиналниот текст, ги предаваме материјалите од конференцијата за балканската конфедерација и неговиот труд „Македонија" од 1896 година. Преводот е придружен со коментари.

# ПРИЛОЗИ

# GONTRIBUTIONS

## П Р И Л О Г I—II

П. Л.

**ФЕДЕРАЛИЗМОТ И ИСТОЧНОТО ПРАШАЊЕ**

П. Аргиријадес

**МАКЕДОНИЈА**

**(П р е в о д)**

P. L.

**LE FÉDÉRALISME ET LA QUESTION D' ORIENT**

P. Argiriadès

**LA MACÉDOINE**

**(T r a d u c t i o n)**

## ПРИЛОГ I

П. Л.

## ФЕДЕРАЛИЗМОТ И ИСТОЧНОТО ПРАШАЊЕ

Смртта на Стамболов[1]), востанието во Македонија[2]), телеграмите, што се публикуваат секое утро во весниците за „ситуацијата на Исток”, го привлекуваат одново вниманието за нестабилната политичка положба на Балканскиот Полуостров.

Сметаме дека е умесно во овој момент да се вратиме на една веќе поминатa конференција, на чијашто важност укажавме пред неколку месеци. Целта на таа манифестација беше да се прокламира неопходноста, во интерес на општиот мир, од една конфедерација, која ќе ги обедини различните балкански народи и ќе ја обезбеди нивната внатрешна слобода и надворешна независност.

Овој собир беше свикан во Grand-Orient[3]) преку грижите на Лигата за балканска конфедерација и со содејство на Меѓународната лига за мир и слобода. Неговото значење е големо и по тенденциите што ги потврди — различните заинтересирани народи имаа свои претставници — и по идеите, што беа прокламирани и кои ние сакаме да ги покажеме.

Еднодушната желба на сите тие собрани луѓе (Грци, Романци, Срби, Бугари, Ерменци, итн), впрочем е јасно определена и изразена во двата члена од статутите на Лигата за балканска конфедерација, на којашто претседателствува нашиот пријател П. Аргиријадес.

Член 2. — Целта на Лигата е да го следи реализирањето на една Конфедерација за сите народи на источна Европа и на Мала Азија.

Член 3. — Тие народи се следниве: 1. Грција со остров Крит; 2. Србија со Босна и Херцеговина; 3. Бугарија; 4. Романија; 5. Црна Гора; 6. Македонија и Албанија, кои ќе формираат една слободна и федеративна држава; 7. Тракија со Цариград, како слободен град и седиште на делегатите од конфедерираните држави; 8. Ерменија и Мала Азија со крајбрежните острови.

---

[1]) Стефан Стамболов (1854—1895), бугарски буржоаски државник; претседател на бугарската влада, 1887—1894. Загинал како жртва на атентат.

[2]) Се мисли на такан. „Мелничко востание” од 1895 г. Ова востание претставувало типична врховистичка провокација. Со него сакале врховистите да подигнат „шум“ во Европа, а задницата била да се инфилтрира врховистичкото, alias големобугарското влијание во Македонија.

[3]) „Grand Orient” (односно „Grand-Orient de France”) — името на салата, зградата, во која се одржал собирот.

* * *

На конференцијата претседателствуваше Магалес Лима[4]) (Magalhaës Lima), истакнат португалски социјалист, директор на „Secolo" од Лисабон, автор на убавата книга за „Иберискатa федерација" („Fédération ibérique"). До него заседоа место господата Ем. Арно (Em. Arnaud)[5]), претседател на Лигата за мир и слободата, М. де Хередиа (M. de Hérédia)[6]), П. Аргиријадес (P. Argyriadés), Луј Макон (Louis Macon)[7]), и Д. Папазоглу (D. Papazoglou)[8]).

Г-н Магалес Лима при отворањето на заседанието се извини дека е должен да се оправда пред присутните за совоето лошо изразување на француски. Меѓутоа, неговиот точен израз го покажа спротивното.

„Во федерацијата, рече тој, се наоѓа вистинскиот фундамент на мирот. Федерирани народи значат солидарни народи. Во современите општества, има два различни видови војни: војната на човек против човекот, причинета од капиталистичката експлоатација и војна на народите против народите, причинета од милитаристичкиот бес. Да се укине војната на човек против човекот, се изискува солидарноста на работниците; да се укине војната на народите против народите, се изискува солидарноста на нациите.

„Ете зошто јас секогаш ја пропагирав во мојата земја ибериската федерација[9]).

„Федерацијата е усовршена, проширена, пространа Република. Да бидеш републиканец и социјалист а да не бидеш федералист, тоа е една контрадикторност, еден апсурд. Федерацијата е една идеја по сушност републиканска и социјалистичка, ете зошто јас никогаш не сум можел да разберам еден републиканец или еден социјалист, којшто во истовреме не е и убеден федералист.

„Во нашето време многу се говори за братството. Само, тоа многу малку се практикува. Федеративната идеја не е ништо друго, во основа, освен израз на човечкото братство, братството во најширока смисла на зборот, која исклучува секоја ограничена идеја, егоистичка, сектантска, шовинистичка. . . .".

Откако го наведе примерот на Соединетите Држави[10]) и на Швајцарија, ораторот укажа на резултатите од федеративноста во Бразил:

„Различните држави, рече тој, ги зголемија своите приходи. Некои дури, како што се Минас и Еспирито Санто,[11]) го направиле се тоа, кое

---

[4]) Магалес Лима (Magalhaës Lima), познат португалски социјалист; директор на весникот „Secolo" од Лисабон; автор на книгата: „Fédération ibérique".

[5]) Емил Арно (Emile Arnaud) бил претседател на Меѓународната лига за мир и слобода.

[6]) М. де Хередиа (M. de Hérédia, 1842—1905), француски поет.

[7]) Луј Макон (Louis Macon), бил претседател на странскиот новинарски синдикат во Париз.

[8]) Д. Папазоглу (D. Papasouglou), по потекло од Македонија. Се споменува и во акциите на македонско-албанската лига од 1901 — 1903 г.

[9]) Односно федерација на народите, што живеат на Иберискиот Полуостров.

[10]) Т. е. Соединетите Американски Држави (САД).

[11]) Минас и Еспирито Санто, бразилски држави.

владата на Сојузот[12]), не би можела да направи, тие склучувале заеми во странство, во Лондон и во Париз, совршено гарантирани.

„Уште еден факт е достоен за одбележување: револуцијата во Рио[13]) не се почувствува во другите држави на Сојузот[14]), со исклучок на Рио Гранде[15]), кадешто востанието беше изведено.

„Токму тоа *единство во разнообразноста*, таа *автономија во солидарноста*, ги карактеризира сите федерации.

„Децентрализација на приходите произведе преродба во општинскиот живот.

„Ние имаме еден зачудувачки пример во општината Жуиз де Тора (Juiz de Tora) (во државата Минас). Таа имаше, за време на монархијата, еден буџет од четириесет конто де реис[16]). При федеративното уредување тој буџет се зголеми десет пати во продолжение на четири години. Денеска оваа комуна има приход поголем од шестотини контоси.

„Со приходите се децентрализирани исто така и општествените служби. Основното образование, здравството, патиштата за сообраќај, тие добија многу. Ние немаме статистички податоци, но можеме да потврдиме дека во најнапредните држави „бројот на училиштата се удвоил".

Г-н Лима, откако истакна неколку федеративни симптоми кои се изразуваат во различните земји, особено во Австралија и во Италија, го цитираше во полза на својата теза мислењето на доктор Летурно (Letourneau)[17]) и на Г-н Новиков[18]); заврши најпосле, сред аплаузот, изкувајќи, од името на присутните:

„Ние изјавуваме искрена и силна желба за федеративност, тоа е идеалот на мирот и на правдата меѓу луѓето".

Потоа стана П. Аргиријадес, кој со една голема јасност даде историски пресек на идејата за балканска конфедерација во следнава реч, којашто во истовреме е еден програм и еден документ:

Госпожи и Господа,

Идејата за една конфедерација на различни земји, што некогаш а некои уште и денес ја составуваат Отоманската империја, не ѝ припаѓа на Лигата која ја организира конференцијата вечерва. Таа живеела уште во духот на сите политички луѓе и на сите публицисти што се занимале со источното прашање.

Затоа што решението на источното прашање преку една конфедерација се наложува на секој просветен ум: не може да се најде едно решение пологично, пополитичко и понаклонето за европскиот мир.

---

[12]) Т. е. на сојузените држави Бразил.

[13]) Рио-бразилска држава.

[14]) Т. е. на Бразил.

[15]) Рио Гранде — бразилска држава.

[16]) Конто де реис (Contos de reis) — милион рејси, португалски и бразилски сметководни пари.

[17]) Д-р Летурно (Charles Jean Letourneau, 1831—1902), француски антрополо-гист; автор на бројни трудови.

[18]) J. Новиков, рускипублицист; автор на делото: „Les gaspillages des Sociétés modernes. Contribution à l'étude de la question sociale. Paris 1894.

Ова решение било предлагано уште од појавата на ова трнливо источно прашање, кое е изобилно со револуции и опустошителни војни.

Тоа е најнапред Ригас од Фера (Rigas Feraios)[19]), Тиртеј (Tyrtée[20]) на грчката револуција, што се проповедуваше во неговите пламени песни. Овој маченик на слободата, вдахновен со идеите на француската револуција и гнасејќи се од тиранијата на султаните, ги поттикнуваше на востание против нивните угнетувачи, не само Грците, Романците, Србите, Бугарите, Црногорците, Македонците, туку исто така и Турците, убедувајќи ги да се ослободат од апсолутната и понижувачката тиранија што тие ја поднесуваа и се спогодија за да живеат како слободни и сојузени браќа.

Оттогаш зрното се наоѓаше во својот никулец и најизвесни публицисти и најбеспристрасни писатели ја препорачија идејата за една балканска конфедерација. Ние можеме да се повикаме, помеѓу другите на најпознатите европски публицисти: Мишле (Michelet)[21]), Луј Блан (Louis Blanc)[22]), Кине (Quinet)[23]), Ламартин (Lamartine)[24]), Сент-Марк де Жирарден (Saint-Marc de Girardin)[25]), Катанео (Cattaneo)[26]), Гарибалди (Garibaldi)[27]), Шарл Лемоние (Charles Lemonier)[28]), Виктор Иго (Victor

---

[19]) Ригас од Фера (Rigas Feraios, 1758—1798), грчки поет и револуционер: во Виена 1795 г. основал тајно здружение за борба против Турците; автор на бројни родољубиви песни; вдахновен со идеите на Големата француска револуција ги повикувал балканските народи на здружена борба против Турците; подржник на идејата за зближување на балканските народи. Во својата поезија ја воспевал ослободителната борба. Во една песна ги повикувал и „браќата Христијани" на Балканот. Во неа ја опишал и борбениот ослободителен стремеж и на Македонците. Во врска со тоа една строфа гласи: —

„Македонецот во борбата се фрла
со сабјата и звукот на трубата
на тираните градите им затреперија".

(F. Pouqueville, Storia della Rigenerazione della Grecia. Milano 1854. vol. II, p. 130).

[20]) Тиртеј (Tyrtaios, VII в.), старогрчки поет; главен претставник на воинствената елегија.

[21]) J. Мишле (Jules Michelet, 1798—1874), познат француски буржоаски историчар. Најважно и капитално дело му е: „L'Histoire de France" (во 17 томови). Тоа дело, Тен го карактеризирал како — „епска поема во прозата". Друго познато дело: „La France devant l'Europe".

[22]) Луј Блан (Louis Blanc, 1811—1882), француски историчар и политичар; познат со трудовите: „Le socialisme", Histoire de la Révolution française и др.

[23]) Едгар Кине (Edgar Quinet, 1803—1875), француски поет, историчар, филозоф и политичар; поборник на демократските идеи и голем противник на клерикализмот. Познато дело: „Le Christianisme et la Révolution Français". Paris 1845.

[24]) А. М. Л. Ламартин (A. M. L. Lamartine, 1790—1869), француски поет и политичар; познато е неговото дело: „Le Voyage en Orient".

[25]) Сен Марк де Жирарден (Saint—Marc de Girardin), француски општественик.

[26]) К. Катанео (C. Cataneo, 1801—1869), италијански социолог и политичар; во 1848 г. тежнеел Италија да се обедини на федеративна основа; бил приврзаник на идејата за — Обединети држави на Европа.

[27]) Џ. Гарибалди (G. Garibaldi, 1807—1882), италијански револуционерен демократ; водач на италијанското национално-ослободително движење.

[28]) Ш. Лемоние (Ch. Lemonnier), француски општественик; автор на делото: „Religion Saint—Simonienne. Paris 1832.

Hugo)[29]), Гамбета (Gambetta)[30]), генерал Тур (Général Turr[31]) нашиот еминентен претседател Магалес Лима, Емил Арно (Emile Arnaud) и тн.

Бидејќи го споменавме генералот Тур, кој ни дозволи да цитираме неколку фрази од статијата што тој ја објави во 1877 година во „Revue des Deux-Mondes"[32]), во полза на една балканска федерација и која предизвика голема сензација:

„Кога поминуваме од Дунав кон архипелагот, имајќи го Црното море од една страна, Дрина и Уна од друга, ние среќаваме, освен Османлии, три различни народи што имаат секој свој јазик, свои обичаи, своја историја, свои политички и социјални тенденции. Тие три групи се Словените, Грците и Албанците. Словените се состојат од Срби-босанци и херцеговинци и Бугари[33]), кои бројат повеќе од седум милиони и формираат една компактна маса што се стреми без прекин за независност и се наблега да ја постигне својата цел, ту на Русија, ту на Австрија. За избегнување на продолжителните разидувања, треба да ги оставиме Словените во Турција да се конституираат во една независна конфедерација".

Но не се само тие личности кои се изјасниле за реализирање на оваа конфедерација. Неколку конгреси на Меѓународната лига за мир и слобода и ја дадоа на ова голема идеја нивната авторитетна поткрепа.

Навистина, Меѓународната лига за мир се произнесе по источното прашање на конгресите на Лозана (1869), Женева (1876, 1877 и 1886).

Меѓу останатото, еве со какви зборови се искажа конгресот од 12 септември 1886 година:

Меѓународната лига за мир и слобода би изневерила на својата првобитна цел ако во кризата што во овој момент ја преживуваат младите балкански држави[34]) не направи да се чуе нејзиниот глас. Овие држави, но и оние кои не се непосредно застрашени од лакомоста на царевите, сите се плашат од најголеми опасности. Одвај ослободени од ропството, еве се оддадоа на интриги, кои го поставуваат во опасност нивниот слободен развиток, а исто така и мирот во Европа. Нивниот сопствен интерес се меша со општиот интерес на сите народи. Нивната кауза е кауза на сите народи. Лигата се обрнува кон општественото мислење на цивилизираниот свет, кон државниците на сите земји, кои земаат учество во раководењето со европската политика, кон балканските народи

---

[29]) Виктор Иго (Victor Hugo, 1802—1885), голем француски поет и писател. Тој бил приврзеник на идејата за една Европска општност. Еднаш во 1871 година рекол: „Нема веќе граници. Да бидеме иста република, да бидеме Обединети држави во Европа, да бидеме континентална федерација, да бидеме европска слобода, да бидеме светски мир."

[30]) Леон Гамбета (Léon Gambetta, 1838—1882), француски политичар, републиканец.

[31]) Генерал Тур (Général Turr, 1825—1908), унгарски генерал, се борел за независноста на Унгарија.

[32]) „Revue des Deux-Mondes", познато француско буржоаско списание, излегува од 1829 г.

[33]) Авторот, поради непознавање, ги изостава и другите југословенски народи и тоа: Словенците, Хрватите, Црногорците и Македонците. Не е определен при именувањето: Срби — босанци.

[34]) Се мисли, особено, на последиците од српско-бугарската војна од 1885 г. и на тогашните односи меѓу балкански држави.

и нивните суверени и ги поканува да земат мерки за да се отклони опасноста од постојната состојба.

Најсигурното и најефикасното средство да се отклонат од штетните лакомости се состои во федеративна организација санкционирана преку еден неутралитет гарантиран од Европа. Таков е идеалот, таква треба да биде целта во напорите на балканските народи и на сите кабинети што се загрижени за справедливоста.

Како што гледате, огромен прогрес е направен, се прави сé повеќе и повеќе, и денеска две личности не можат да зборат за источното прашање и за општиот интерес што тој го претставува без да се согласат за признавањето, дека конфедерацијата е единствено решение на овој голем политички проблем.

Идејата за конфедерацијата е мошне напредната и во фактите. Бројни иницијативи за спогодување веќе станале меѓу различни политички луѓе на Србија и Грција, Бугарија и Романија[35]), ит.н.... и насекаде се формирани постојани комитети: во Атина, во Букурешт, во Швајцарија и во Англија.

Веќе во 1873 година еден комитет, кон кој и јас пригаѓав, се конституира во таа смисла. Јас бев делегиран, со двајца пријатели, да одиме и да бараме покровителство од Виктор Иго, Луј Блан и Гамбета, кои сите ја симпатизираа нашата идеја.

Конфедерацијата се наложува од повеќе причини:

Најнапред, само преку федерацијата народите на Балканскиот Полуостров и на Мала Азија, ќе можат да ја сочуваат својата независност и својата автономија.

Исто така преку неа мирната иднина на народите ќе биде гарантирана, како и европската рамнотежа, кое е потребно за секаков политички и социјален прогрес.

Во суштина, ова источно прашање, не треба да биде разгледувано од својот локален аспект, туку треба да се разгледува од општо и европско становиште.

Талеран[36]) велеше уште на времето, дека: „центарот на гравитацијата на светот не е ниту на Елба, ниту на Адице, тој е долу на границите на Европа, на Дунав".

Каква и да била склоноста на нашите сегашни политички луѓе и нивните симпатии, тие секогаш треба да мислат за иднината, која може да ги сочува нивните земји, не само од непријатни изненадувања, но и од вистинските опасности.

Впрочем е неопходно, дури и во интерес на Европа, да се формира една голема конфедерација од државите на Босфорот и сите европски држави да го дадат своето содејство за нејзино реализирање, кое ќе постави крај на сите лакомости и на сите тешкотии од неизвесноста.

---

[35]) Се има предвид иницијативата на балканските монарси и на балканските буржоаски политичари и државници за постигање на балканска спогодба. Тоа прашање се актуелизира, особено, од шеесеттите години на XIX век.

[36]) Ш. М. Талеран (Ch. M. Talleyrand, 1754—1838), француски дипломат и политичар.

Ние кои ја основавме Лигата за да го следиме реализирањето на балканската федерација, го направивме тоа се разбира само во интерес на сите населенија, кои ќе ја составуваат и не за создавање на едно непријателство, какво тоа и да е сproти една или друга европска сила. Ние сакаме најнапред, преку нашата пропаганда, да уништиме меѓу балканските народи извесни предрасуди, кои ги разделуваат, а кои се штетни за политички, економски и социјални интереси, и преку кои да се постигне едно согласување, неопходно да се создаде саканата конфедерација, базирана на срдечноста и на солидарноста на сите, и која да ги сочува против сите туѓи завојувања, било тие да се персиски или монголски, а да не говориме за другите попознати.

Ние не можеме a priori[37]) да ги предвидиме евентуалните непријатели на балканските народи, но ние сакаме да се формира една конфедерација инспирирана од најдобри чувства по однос на нивните соседи, достатно силна, меѓутоа, за да не може никој амбициозен завојувач да има сила повеќе отколку што треба.

Две пречки постојат денеска за остварување на големата балканска конфедерација без тешкотии. Тоа е најнапред хегемонијата на султанот, а потоа македонското прашање.

Но тие две пречки се повикани да исчезнат во краток рок.

Во суштина, крајот на апсолустичкиот режим на Турците повеќе е прашање на времето. Со нас или без нас, тој режим фатално ќе се сруши. Не ни останува ништо друго, туку да се активираме за негово соборување преку нашата пропаганда.

„Турците поставија логор во Европа", рече еден голем писател. Тоа е вистина. Едни од најубавите и најплодоносните предели на светот станале нивна пљачка. Една земја со беспримерна плодородност, едно небо со постојана чистота, една голема река со снажни води, една престолнина, поставена меѓу Европа и Азија, како еден обединителен белег помеѓу две најстари цивилизации на земјината топка, клучевите на Медитеранот, којшто беше театар на најголемите сцени од историјата и којшто е центар на трговското движење; на таа земја, пред таа глетка, Турците заседнале.

Напразно прогресот ги поттикна кон движење и живот; напразно светот се развива околу нив; тие останале како еден постојан анахронизам, изолирани во заглупеност и во првобитното варварство.

Еден умен човек велеше со право дека таква е општата индиферентност на турската влада, што таа чека да ги види другите народи да патуваат со балон, за да устрои во државата колски патишта.

Од политичка гледна точка, „Втори-Декември"[38]) постојано е присутен во турската империја, велеше истиот писател. Може да се каже дека св. Вартоломеј[39]), постојано е присутен, бидејќи нема земја во светот

---

[37]) À priori — однапред.

[38]) „Втори Декември" („Deux-Décembre"), израз според државниот удар извршен на 2 декември 1851 г. од Луј Наполеон Бонапарта.

[39]) Празник на св. Вартоломеј — на тој ден (24 август 1572) француските католици извршиле над хугенотите масовен колеж (познато и како — „Вартоломејска ноќ" или „Париска крвава свадба").

кадешто да се извршени sверства, исто така и гадости, какви што извршиле Турците пред неколку дена во Ерменија.

Едно писмо испратено од христијаните во Ерменија и што беше објавено во „l'Eclair"[40]), ги содржи всушност следниве факти:

Курдите[41]), откако им го украле добитокот на Ерменците[42]), биле нападнати од последните, кои убиле двајца и раниле тројца. Тој потфат беше повод за еден масакр. Војска беше испратена на овие места. Пашата што командуваше, имаше добиено наредба од Цариград, во која се пропишуваше истребување на Ерменците[43]). Загинале од шест до десет илјади Ерменци. На едно место четиристотини жени, на друго двесте биле изнасилени, потоа раздробени од ударите на бајонетите и сабјите. Децата ги набивале на кол или ги обезглавувале.

Шестотини млади моми ги фатиле во внатрешноста на една црква и ги изнасилиле, а потоа ги масакрирале. Крвта течела како бран низ црковната порта.

Странските конзули направија една анкета. Неколку турски војници признале дека убиле околу педесет жени. Од дваесет до триесет села биле разрушени.

Луѓето биле запалувани живи со растително масло во сопствените куќи.

Апсолутната тиранија на Турците е анахронизам и срам за цивилизацијата, европските сили ќе бидат принудени да стават на неа крај и да установат на Исток еден modus vivendi[44]), а тоа е конфедерацијата, која ќе гарантира автономија на сите народи во овие земји, а со тоа и европски мир.

Како пречка, на второ место, какошто реков, стои македонското прашање кое ги разделува христијанските држави на Полуостровот[45]).

Од гледна точка на разнообразноста на населенијата што живеат во оваа земја, Македонија е еден вид, минијатурен портрет на Балканскиот Полуостров. Тие населенија говорат грчки, бугарски, српски, албански, романски, турски[46]).

Затоа, сите влади на различните народи што ги претставуваат тие јазици, имаат претензии кон Македонија и сите сакаат да ја анексираат. Така таа станала јаболко на раздорот за сите нејзини ревносни соседи.

Тоа претставува една моментна пречка за спогодба во поглед на една конфедерација.

---

[40]) „L'Eclair", француски буржоаски весник, излегувал од 1888 г.

[41]) Курди — народ кој живеел и денес живее во Турција, Сирија, Иран и Ирак.

[42]) Ерменци — народ кој живеел во рамките на Отоманската империја и страдал од турските колежи.

[43]) Тоа се познатите „Ерменски колежи" од 1894 г.

[44]) Modus vivendi — начин на живеење; спогодба на противничките страни.

[45]) Се мисли на односите и политиката на балканските буржоаски држави, особено по прашањето на Македонија.

[46]) Во основа П. Аргиријадес не ја разбирал националната определеност на Македонците. Кај него распределбата на јазиците се врши според влијанието и ширењето на националистичките пропаганди во Македонија. Но, треба да се истакне дека кај П. Аргиријадес е битно гледиштето дека сите народи и народности ја сакале самостојноста. Тој не се определува ни кон една националистичка пропаганда на балканските буржоазии, туку изложува свое сопствено становиште.

Но, за среќа, една македонска национална партија, без разлика на националност, се установи од неодамна[47]). Таа бара автономија на Македонија под еден федеративен режим, кој ги задоволува сите националности и со тоа се става крај на лакомоста на соседните држави[48]).

Значи, нашата Лига е основана со цел да ги израмни тешкотиите, што јас Ви ги изложив, со една активна пропаганда, за да се установат во заинтересираните земји и да се развијат поволни мислења за нашата идеја на федерацијата. Таа идеја, незапирлива сама по себе, нема да задоцни за да го придобие мнозинството од граѓаните, кои ќе се наложат на своите влади за да го направат најнужното за нејзино реализирање.

Јас дојдов до заклучок да Ви ја прецизирам нашата цел:

Во конфедерацијата ќе влезат сите народи кои денеска ја поседуваат својата номинална индивидуалност и оние, на кои нашиот успех ќе им ја врати егзистенцијата и индивидуалноста, едните и другите можат да се избројат како држави одделени и федерирани:

1. Грција и островото Крит; 2. Бугарија; 3. Романија; 4. Србија; 5. Босна и Херцеговина; 6. Црна Гора; 7. Македонија и Албанија.

Македонија, која е населена, како што Ви реков, со населенија од различно потекло, заплеткани едни со други и чие завладување предизвикува толку конфликти, ќе формира, заедно со Албанија, една федеративна држава, со што ќе се тури крај на раздорите на државите, што ја обиколуваат и што лакомат по неа;

8. Тракија да формира една друга држава, со Цариград како слободен град, каде ќе се собираат делегатите на конфедерираните држави за да ги разгледуваат општите интереси на конфедерацијата; Цариград, како слободен град, тоа е главната поента на нашата конфедерација, и тоа е исто така, по наше мислење, најголемата надеж за успехот на нашата конфедерација, зашто во интерес на сите европски влади, колку и да се грижат за своите сојузи, Цариград треба да биде една неутрална држава.

Еве, по тој повод, што зборува Наполеон I[49]) во своите „Спомени" од Света Елена[50]):

Јас сум можел да ја разделам Турската империја заедно со Русија, за тоа станувало прашање помеѓу нас повеќе пати[51]): но, Цариград секогаш ја спасувал. Оваа престолнина беше голема пречка, вистински камен на сопинање. Русија го сакаше, јас не можев да се согласам; тоа е еден клуч толку скапоцен: тоа чини само по себе една империја; оној што го поседува, може да господари со светот.

[47]) Се однесува на формирањето на македонската револуционерна организација во 1893/1894 г. (подоцна ТМОРО, односно ВМОРО).

[48]) Основното програмско начело на македонската револуционерна организација било поврзано со постигањето на политичка автономија. Тоа особено се прецизирало на Солунскиот конгрес од 1896 г., а исто така и во Уставот на Организацијата (Член 1—2). Интересен е фактот дека П. Аргиријадес имал познавање, разбирање и интерес за првобитните програмски начела на македонската револуционерна организација.

[49]) Наполеон I Бонапарта (Napoléon I Buonaparte, 1769—1821), француски император (1804—1814, 1815).

[50]) Тоа се познатите „Спомени" — „Мемоари" на Наполеон (Mémoires de Napoléon) диктирани на Света Елена, за време на неговото заточение.

[51]) Особено се мисли на преговорите и на спогодбите во Тилзит и Ерфрут, помеѓу Наполеон и рускиот цар Александар I за разделбата на Турција.

9. Ерменија, на која интересите се солидарни со провинциите на Балканскиот Полуостров;

10. Крајбрежните земји на Мала Азија, за чиешто ослободување уште никој не се занесувал, да формираат исто така една независна држава присоединета кон конфедерацијата.

Автономијата на секоја од овие држави ќе биде полна; секој внатрешно ќе се управува по своја волја. Но, општите интереси на конфедеративните држави ќе се регулираат од нивните претставници собрани во Цариград, за да донесат различни мерки за осигурување на федеративниот договор, за да ги предупредат или израмнат конфликтите помеѓу нив, на крајот, најмногу да ги постават сите сили на конфедерацијата во служба на секоја држава, ако е застрашена или нападната од надвор нејзината независност или интегритет.

Значи, идејата за една конфедерација се наложува. Има и други средства за заштита на земјите на Полуостровот и за смирување на непријателствата и глупавите омрази што денес царуваат од народ во народ. Таа идеја, пропагирана во овие земји со енергија и со убедување, нема да закасни да ги освои сите умови и сите срца и да стане, за кратко време, една неоспорна реалност.

Инстинктот за самозаштита и за независност ќе ни даде скапоцена помош. Но, неопходна е една непристрасна пропаганда за да им ги отвори очите на малку остроумните. Исто така, ние ќе се обрнеме до сите интелегентни и образовани луѓе во сите земји за да ни помогнат во оваа задача.

Не е ли тоа, впрочем, општата тенденција на духовите? Една неизмерна потреба за еманципација, за благосостојба и за слобода излегува на видело сѐ повеќе и повеќе. Повеќето меѓу Вас го знаат моето мислење по гоа прашање. Јас верувам дека човештвото оди кон социјалниот прогрес и рамвенство; јас мислам дека врвежот ќе биде брз и ќе триумфира над пречките. Но, истиот метод, истата исходна точка не се приемливи насекаде. Не можат да се препорачаат на земјите каде што индустријализацијата не е проникната со истите правила за еманципација, со истата тактика, како оние што го проголтале машинизмот и индустрискиот феудализам. Сѐ доаѓа на својот миг, на својот час.

Кај балканските народи мислата во овој час е да се уништат националните антагонизми за да се подготви патот за општото братство. Долго време човекот беше непријател на човекот. Да го утврдиме новиот принцип. По повикот на натпревар за уништување на поробувањето на народите, да го замениме, на крајот со повик на натпревар за благосостојба и слобода на луѓето; тоа е сегашна желба да работиме сите за да го направиме скора реалност на иднината.

Во продолжение доби збор граѓанинот Алеман (Allemane)[52]), за да ги изрази за федеративната кауза симпатиите на работничката соци-

---

[52]) Ж. Алеман (J. Allemane, 1843—1935), француски социјалист, работник — типограф, член на Париската комуна, стоел на чело на работничко-социјалистичката револуционерна партија; го објавил делото: „Mémoires d'un Communard" Paris.

јалистичка партија[53]). „Нашата партија, рече тој, е пред сѐ федеративна и децентрализаторска. Во оваа наполеоновска земја, таа е организирана федеративно. . . Ние, француските социјалисти-револуционери, го деклариране за вистина тоа што пред малку го изјави Магалес Лима. Не може да биде социјалист оној којшто не е федералист. Човекот од југ, кај нас, ги има истите наклоности како од пикард"[54]). И говорникот, на крајот, ги покани балканците да се соберат на конгрес и не веќе во Париз, во Женева или во Лондон, туку во срцето на нивните земји, например, во Македонија, со тоа нивната манифестација би била поеклатантна.

Граѓанинот Вајан (Vaillant)[55]), пратеник, ја изрази, потоа, следнава формула: „Еден народ не може а да не води сметка за својата независност.. Како еден организам, тој треба на биде слободен за да живее". И тој заврши изразувајќи ги своите искрени желби во полза на балканската конфедерација.

По срдечните зборови на Г-н Ем. Арно, од името на Лигата за мир и слобода, на Г-н Искендер[56]), претседател на ерменското здружение во Париз, на нашата соработничка Паула Минк (Paule Mink)[57]) и на Г-н Луј Макон (Louis Macon), Аргиријадес ги прочита бројните писма, кои сведочеа за симпатиите, што доаѓаа од сите страни и еве ги поважните:

Драги граѓанине Аргиријадес,

Пред малку ја добив љубезната покана од Централниот комитет на Лигата за балканска федерација, на кој Вие претседателствувате, за конференцијата, што ќе се одржи в четврток на 22 ноември. Сите мои симпатии се за потфатот, кој ја има за цел слободната федерација на народите. Вашето име, како претседател, ми служи како гаранција дека имено врз основа на социјализмот оваа Лига ќе се развива и афирмира. Исто така, бескрајно сожалувам дека мојата возраст и здравјето ме спречуваат да земам учество на конференцијата в четврток и јас Ве молам да им ги пренесете на Вашите колеги од различните нации моите топли желби во името на социјализмот, кој ги обединува работниците од сите народи.

Примете ги, драги граѓанине, моите најдобри желби.

Пјер Лавров (Pierre Lavroff)[58])

---

[53]) Работничка социјалистичка револуционерна партија (Parti ouvrier socialiste révolutionnaire), основана 1890 г.; членовите на оваа партија биле уште наречени „Алеманисти", според водачот на партијата Ж. Алеман.

[54]) Пикард (Picard), жител или роден во Пикардија (Picardie), стара провинција во северна Франција; Пикардијци (Les Picardes) — жители на Пикард.

[55]) Е. Вајан (E. Vaillant, 1840—1918), француски политичар, социјалист — бланкист, член на Париската комуна и на Генералниот совет на I Интернационала; еден од основачите на француската социјалистичка партија; познато дело: „Internationale et la révolution". Paris 1872.

[56]) Искендер (Iskender), претседател на ерменското здружение во Париз.

[57]) Паула Минк (Paula Mink), соработничка на П. Аргиријадес.

[58]) Пјер Лавров (Pierre Lavroff, 1823—1900), руски социолог, еден од идеолозите на народништвото; учесник во Париската комуна; член на I Интернационала; Познато дело: „Lettres historiques". Paris 1903.

Лондон, 10 ноември 1894

Господине,

Вие знаете дека на крајот од мојата прва статија за балканската конфедерација јас публично и спонтано го дадов моето согласување за Вашата програма. Впрочем, Вие можете да го сметате мојот весник како еден орган предан на каузата.

Јас сум сигурен дека секој ерменски патриот ќе содејствува за триумфот на Вашиот крстоносен поход.

..........................................................................

Минас Череаз (Minas Tchéraz)[59])
Директор на весникот „1" Armenie"[60])

Букурешт, на[61]) 1894

Господине,

Вие сте поставиле почеток на еден многу убав потфат, имено да работите за реализација на карпато-балканска конфедерација. Тоа е една мечта, што ја носам долго време[62])..............................
..........................................................................

В. А. Урехија (V. A. Urechia)[63])
Сенатор, бивш министер

Барцелона, 22 октомври 1894

Господине Претседателе,

Јас сум почестен со молбата да присуствувам на големата конференција организирана од Вашата Лига, во соработка со Лигата за мир и слобода, и јас сожалувам што моите лични работи ми попречуваат да присуствувам, бидејќи сето она што има за цел федеративни идеи и европски мир ги има моите симпатии. Јас мислам, дека ако сите држави, коишто некогаш ја формирале Отоманската империја, се организираат во конфедерација и ако повеќе унитаристички држави во Европа се организираат на ист начин, нема да биде тешко да се организираат Обединети држави на Европа и со тоа да се консолидира мирот; но јас мислам исто така дека оваа Европска конфедерација не може да биде една реалност, ако таа не ги организира врз основа на федерација регионите кои ќе формираат Обединети држави, со помош на Република, која е природна политичка форма на конфедерацијата, ако сакаат таа последната да биде трајна.

---

[59]) М. Череаз (M. Tchéraz), директор на весникот „L'Armenie".

[60]) „L'Armenie", познат весник; ја бранел каузата на ерменското ослободително дело.

[61]) Во оригиналниот текст датумот не е внесен.

[62]) На тој начин писмото во оригиналниот текст завршува.

[63]) В. А. Урехиа (V. A. Urechia), романски сенатор, бивш министер.

Господине, јас Ве молам да ги изразите овие идеи и моите предани чувства на Лигата за балканска конфедерација.

J. Вале и Рибо (J. Vallès y Ribot)[64])

Копенхаген, 27 септември 1894

Господине,

Моите најискрени благодарности за поканата од 19 овој месец. Јас ќе бев среќен, ако околностите ми дозволеа да земам удел на една конференција, на која ќе се разгледуваат средствата за обединување во еден единствен сноп на различните народи на Истокот.

Но, за несреќа, ќе ми попречат работите во нашиот парламент. Таа е последната сесија пред новите избори за Собранието, на кое јас сум член.

Нема потреба да Ве уверувам за моите најискрени желби за успехот на Вашата работа. Од младини јас сум голем приврзаник на скандинавската конфедерација. Јас ќе го поздравам со ентузијазам реализирањето на една балканска конфедерација, на една ибериска конфедерација, и тн., етапи на патот што води кон Обединетите држави на Европа.

Примете ги, Господине, уверувањата на преданите кон Вас чувства.

Фредрик Бајер (Fredrik Bayer)[65])

Член на данскиот Парламент, претседател на комисија при меѓународното биро во Берн

Маилане (Устие на Рона) (Maillane (Bouches —du— Rhône)

Господин Претседателе,

Јас сум многу далеку од Париз и не можам да дојдам на Вашата конференција, но Ви испраќам изрази на моите срдечни симпатии за целта и успехот на Вашата федеративна Лига.

Ако прогресот не е една лага, треба да се постави слободата, автономијата во перспектива на сите. Додека китовите не исчезнат од Медитеранот, движењето на малите риби не ќе биде силно и животот, по секоја веројатност, нема да им бидеповеќе радосен. Јас сум за радоста на малите.

Ваш предан,

Ф. Мистрал[66])

---

[64]) J. Вале и Рибо (J. Vallès y Ribot), шпански општественик.

[65]) Ф. Баер (F. Bayer), бил член на данскиот Парламент; ја заземал и должноста претседател на комисија при меѓународното биро во Берн.

[66]) Ф. Мистрал (F. Mistral, 1830—1914), провансалски поет.

Господине Претседателе[67]),

Јас сум поласкан од Вашата љубезна покана за скорешната конференција за балканската конфедерација.

Имам најревносна желба да биде постигната целта којашто Вие, Господин Претседателе, и патриотите од балканските земји, ја предлагате.

Не само за овие земји, кои по причина на својата слабост, можат секогаш да бидат голтнати од големите соседни воинствени држави, но не е важно за која и да било националност, јас верувам дека федерацијата е најдобриот систем. Таа може да се здобие со углед како што е Швајцарија тие два големи еднакво легитимни интереси, автономијата на секоја држава во нејзините сопствени интереси и конституирањето на една централна власт за одбрана на општите интереси. Тие последните денеска, во балканските земји можат да бидат само по подрачја, но еден ден тие ќе можат да се претопат со оние од целиот наш континент, за да се поврзат со оние Обединети држави на Европа, што беа препорачувани од Катанио (Cattanio) и од Гарибалди, во Франција од Ш. Лемоние и Виктор Иго.

Јас сожалувам дека од причина на разни ангажмани не можам лично да учествувам на конференцијата, за која Вие ме известивте и на која и пожелувам најдобар успех.

Примете ја, Господине, увереноста на сета моја почит.

Ваш,

Е. Монета[68])

Директор на „Secolo", во Милано.

Лозана, 19 ноември 1894

Мој Драги Претседателе,

Отсуствувајќи од Париз, не можам освен од далеку да и се придружам на конференцијата, којашто Вие ја организирате за подржување идејата за една балканска конфедерација, но јас од сé срце се придружувам кон неа.

Ви пишувам од Швајцарија, од една земја којашто беше лулка на федеративната идеја и која ѝ ја даде нејзината сила, нејзината величина, нејзиниот просперитет. Тоа ми дава право да му пожелам добар успех на делото, со кое Вие се зафативте. Само таа единствено се јавува природно за да може да ја задоволи двојната потреба од *автономијата* и *солидарноста*, која се наложува на нациите, како и на индивидуите.

Би сакал ова источно прашање, кое веќе направи да се пролее толку крв, најде еден почеток за праведливо и мирно решавање во братски сојуз на храбрите мали народи, кои ќе бидат силни во денот, кога тие ќе се групираат!

---

[67]) Во оригиналниот текст не е наведен датум на писмото.

[68]) Е. Монета (E. Moneta, 1833—1918), италијански публицист, познат пацифист; директор на весникот „Secolo" (Милано).

Би сакал балканската конфедерација да стане на исток од нашиот континент, како што е веќе швајцарската конфедерација во центарот, едно јадро за формирањето на *Обединетите држави на Европа*, кои се грандиозен сон, но никако не измама, на сите пријатели на мирот и хуманоста.

Вам и на Вашата Лига искрени симпатии.

Жорж Ренард (Georges Renard)[69])
Професор на Универзитетот во Лозана,
Директор на списанието Revue Socialiste"

Недостатокот на место не обврзува да се ограничиме само на цитирање на имињата Мадам Дестрише (M$^{me}$ Destriché), Господата Рене Гобле (René Goblet), Шарл Рише (Charles Richet), Е. Шовиер (E. Chauvière), Дроз (Droz), бившиот претседател на швајцарската конфедерација, С. де Хередиа (S. de Herédia), Ели Дикомен (Elie Ducommun), Камиј Пелтан (Camille Pelletan), и тн., кои исто така се обрнаа со писма на согласување. Телеграмите ги донесоа симпатиите на многу групи.

Освен писмата и телеграмите, еден извесен број претставки беа претставени, меѓу кои ќе ги истакнеме тие на Г-н З. Милковски (Z. Milkowski), истакнат полски публицист. Тие страници беа објавени во „La Revue Libérale Internationale", во бројот од 16 февруари, минатиот.

Конференцијата заврши со едногласно гласање на следнава резолуција:

Со оглед на тоа, дека источното прашање се поставува секои десет или петнаесет години пред судот на европската дипломатија;

Тоа е еден вечен метеж за сигурноста на државите и на меѓународните трансакции;

Со оглед на тоа дека тоа прашање коешто е едно до оние што причинуваат монструозни наоружувања во нашата епоха, наоружувања, кои ги апсорбираат преку буџетите живите сили на нациите;

Со оглед на тоа дека владата на султанот е еден анахронизам и еден срам за нашата цивилизација; коешто уште еднаш добро се докажа овие дни со ужасните колежи над невините во Ерменија;

Со оглед на тоа дека во овие услови се наложува решавањето на источното прашање;

Со оглед на тоа, дека единственото логично решавање, кое се наложува, како од гледна точка на справедливоста, хуманоста, така и од гледна точка на добро разбраните интереси на европските држави, е во една конфедерација на народите од Балканскиот Полуостров и населението на Мала Азија;

Граѓаните собрани во „Grand — Orient de France"[70]), на меѓународната конфеденција на 22 ноември, апелираат до печатот на балкан-

---

[69]) Ж. Ренард (G. Renard, 1847—1930), француски мислител, зел учество во Париската комуна; од 1893 г. директор на списанието „La Revue Socialiste". Познати дела: „Socialisme intégral et marxisme". Paris 1896; „Le régime socialiste" Paris 1898.

[70]) Седиштето на собирот во Париз.

ските земји и на печатот во сите земји, да ја шират идејата за една конфедерација и да поведат кампања во полза на ослободувањето на народите кои стенкаат уште под ропството на султанот. Тие го ползуваат случајот да ги жигосаат варварските акти извршени неодамна од Турците над Ерменците[71]).

* * *

Говорите и писмата во полза на федеративноста, што ние ги препечатуваме во овие страници, се концизно дадени, за што е возможно да се отпечати уште извештајот, ако се придружи со еден заклучок.

Ние сакаме, освен тоа, да ги собереме документите, за да ја поткрепиме идејата што ни е мила и со тоа да ѝ дадеме поддршка.

П. Л.[72])

/La Revue Socialiste (Paris) Vol. 22 (Août 1895), 202—213/.

---

[71]) Се однесува за познатите „Ерменски колежи".

[72]) П. Л. — P. Lagarde, сотрудник на П. Аргиријадес.

# ПРИЛОГ II

## П. АРГИРИЈАДЕС

## МАКЕДОНИЈА

Во 1895 година многу се говореше за Македонија по повод создаденото востаничко движење[73]).

Ние мислиме дека би било од полза да се даде општ опис и кратки познанија за оваа чудесна земја којашто е малку позната и којашто привлекува, преку нејзините необично убави пејсажи и преку плодноста на нејзината почва, со толку различните народи.

Денешна Македонија е една од европските провинции на турската империја. Таа се граничи на југ со Епир, Тесалија и Медитеран; на исток со Тракија и Медитеран; на север со планината Хемус[74]), Бугарија и Србија и на запад со Албанија.

Македонија, со својата исклучителна положба и со убавината на својата природа, е повикана, ние сме во тоа уверени, да стане градина на источна Европа, какошто се Швајцарија и Тирол за западна Европа.

Иако пропорционално малечка, Македонија во многу прилича на Швајцарија, со своите планини, со своите езера и со своите долини. Таа го нема ни Мон Блан ни Јунгфрау[75]), но над нејзината земја се издига планината Олимп, резиденцијата на боговите[76]). И навистина боговите не можеле да изберат попрекрасно живеалиште. Небото е почисто и попријатно од кое било друго место, мирисливиот и освежителниот воздух на нејзините брегови и цветните долини се мешаат со благиот и благотворниот ветар на Медитеранот.

Македонија со сета своја убавина, со нејзините разнообразни и живописни пејсажи како Швајцарија, има нешто повеќе од неа: море. И какво море? Тој чудесен агол на грчкиот Архипелаг, на кој нема сличен во светот. Планините во јужна Македонија се покриени со тополи, со јавори, со јасени, со борови и елки на една необична убавина. Карпите се

---

[73]) Се однесува за такан. „Мелничко востание", провоцирани востанички обиди на врховистите. Види забелешка 2, на стр. 213.

[74]) Т. е. — Балканските планини, Балкан.

[75]) Јунгфрау, врв на бернските Алпи.

[76]) Белешка на П. Аргиријадес — Олимп: Опкружен со најпријатни цвеќиња, тој ги издига величествено своите заокруглени врвови сред еден пријатен ефект на светлината, што позволува да се види низ неговите сводови, наместо вечните глечери на Мон Блан, трагите на зеленило, што ги повикува овчарите во прекрасните места, кои летото ги разубавува со алпски цвеќиња. (Pouqueville, Voyage de la Grèce).

од време на време покриени со нешто како бршлан sui generis,[77]) а дрвјата се накитени со растенија, кои се виткаат околу нивните стебла, се преплетуваат во нивните гранки и паѓаат како китки и венци. На крајот, сето претставено во оваа убава земја е најпријатно украсено. На сите страни, окото гледа издишување на свежина и телото добива нов поттик за живот.

Убава и волшебна природа, места божествени и восхитувачки! Таму во областа Пиери, над стрмнините на планината Олимп, музите го избрале своето сакано живеалиште, со исклучок на Парнас и Еликон[78]), а и во градовите на Македонија тие биле најмногу празнувани и почитувани.

Нели во оваа земја исто така престојуваше синот на музата Калиопа, неспоредливиот артист, божествениот маѓесник: Орфеј,[79]), кој со чудесното нагласување на своите песни, со звуците и хармоничните акорди на својата лира, ги скротуваше, како што велат поетите, крвожедните ѕверови и ураганите и ги привлекуваше кон себе шумите и карпите.

Впрочем, Македонија е чудесно надарена од природата. Разнообразни се нејзините пејсажи, тие се повеличествени и пограциозни од Швајцарија. Климата и е потопла и атмосферата поопријатна.

Насекаде бликаат извори, формирајќи поточиња, рекички и реки, кои ја набраздуваат целата земја. Сето тоа соединето со езерата, опкружени со шуми, лозја, ловорови дрвја и со природни шармантни шумички, ја прават таа да биде најнеобично убава од сите земји.

